# СТРАТЕГИЈА
# ЗА НАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА КРИМИНАЛИСТИЧКА ТЕХНИКА НА РЕГИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО
# 2020-2025 година

## СОДРЖИНА

**СПИСОК СО КРАТЕНКИ** ... 3

**ВОВЕД** ... 4

**1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: Развој на системи за избор, идентификација на компетенции, обука и сертифицирање на персоналот вклучен во истраги на место на настан** ... 6

**1.1. Конкретна цел: Развој на системот за избор и мотивирање на персоналот од подрачните служби за крим.техника** ... 7

**1.2 Конкретна цел: Развој на систем за идентификација на компетенции за работниците од подрачните служби за крим.техника** ... 8

**1.3. Конкретна цел: Развој на нови криминалистичко-технички работници, систем за обуки за обновување знаења и напредни обуки** ... 9

**1.4. Конкретна цел: Развој на систем за квалификации и сертифицирање на работниците од подрачните служби за крим.техника** ... 12

**2. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: Зголемување на капацитетот за истраги на место на настан преку развој на организациски систем** ... 13

**2.1. Конкретна цел: Развој на организациска структура на службата за крим. техника (ОКТИВ и терен) што соодветствува на оперативните потреби и зајакнување на капацитетите на службата преку разјаснување на функциите во согласност со целните потреби** ... 13

**3. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: Подобрување и стандардизација на опремата, просторните и други капацитети за истраги на место на настан** ... 17

**3.1. Конкретна цел: Подобрување и стандардизација на опремата за истраги на место на настан** ... 17

**3.2. Конкретна цел: Подобрување и стандардизација на просторните капацитети на подрачните служби за крим.техника** ... 19

**4. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: Создавање предуслови за спроведување на стандардот ИСО 17020** ... 21

**4.1. Конкретна цел: Создавање систем за управување со квалитет во подрачните служби за крим.техника согласно барањата од стандардот ИСО 17020** ... 22

# СПИСОК СО КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ЕА | Европска соработка за акредитација |
| ЕНФСИ | Европска мрежа на форензички институти (ENFSI) |
| ЕУ | Европска Унија |
| ИМН | Истрага на место на настан |
| ИСО | Меѓународна организација за стандардизација |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| НККР | Надворешна канцеларија за криминалистички работи |
| ОКТИВ | Оддел за криминалистичко технички испитувања и вештачења |
| ОКТУПА | Отсек за криминалистичко технички увиди и прелиминарни анализи |
| СВР | Сектор за внатрешни работи |
| СОП | Стандардна оперативна процедура |
| СП | Стратешки план на МВР |
| СРП | Стратегија за развој на полицијата |
| СУК | Систем за управување со квалитет |

# ВОВЕД

Стратегијата за натамошен развој на капацитетите за истрага на местото на настан на регионално и локално ниво 2020-2025 претставува четири стратешки цели, што се најрелевантни за јакнењето на криминалистичко-техничките капацитети врз основа на најдобрите практики и стандарди на ЕУ, што ги утврдуваат барањата за давателите на услуги од областа на криминалистичка техника за да ги оспособат да покажат дека работат компетентно и се способни да генерираат валидни и веродостојни резултати. Компетентноста на организацијата, компетентноста на поединците како и валидноста на користените методи и процедури, се трите основни аспекти што се опфатени во овие барања и во определена мера се опфатени со оваа стратегија во описот на посебните цели.

Документот е организиран во четири главни дела. Секој од четирите делови е посветен на една стратешка цел и е организиран на истиот начин: прво се дава краток вовед и информации за контекстот, а потоа се претставува конкретната цел. Секоја конкретна цел е претставена со иста структура, што се состои од 3 дела: тековна состојба, очекувани резултати и предвидените мерки за постигнување на конкретната цел. Секоја конкретна цел е разработена земајќи ги предвид не само општите барања за давателите на услуги од областа на крим.техника, туку и ефикасното искористување на ресурсите.

Опфатени се вкупно девет посебни цели кои се презентирани во согласност со општите политики и цели на Министерството за внатрешни работи и Стратегијата за развој на полицијата 2016–2020.

Една од главните одговорности на МВР е да се бори против различните видови криминал. Во оваа смисла, правилната и професионалната истрага на местото на настан е еден од основните предуслови за изнесување валидни и релевантни физички докази пред судовите. Службата за криминалистичка техника (ОКТИВ и организациските единици за крим.техника на регионално и локално ниво) имаат клучна улога во претходната и судската кривична постапка. Основата на успехот на органите за спроведување на законот се компетентни вработени и добро развиена и ефикасна организациска структура.

Политичката рамка што е дефинирана во Стратегијата за развој на полицијата (СРП) 2016-2020 предвидува „да се обезбеди владеење на правото“ што е тесно поврзано со професионалното и непристрасното работење на службата за крим.техника на терен. СРП 2016–2020 наведува дека визијата на МВР е „да се обезбеди владеење на правото и етичка и професионална работа на вработените, како и развој на концептот на полициско работење водено од информации, што во својот делокруг го сублимира полициското работење во заедницата. “Оваа визија може да ја оствари единствено посветен и професионален персонал. Развиената и ефикасната организациска структура, исто така, е утврдена во визијата на МВР.

Во СРП 2016-2020 е наведено дека „со цел да се зголемат ефективноста и ефикасноста, потребно е да се поедностави организациската структура и да се унапреди методологијата на работа, заради најефективно искористување на ресурсите“. Според тоа, подобрувањето и стандардизацијата на опремата за истраги на местото на настанот, просторните и другите ресурси е од суштинско значење за зголемување на капацитетите на крим.техника на терен.

Една од посебните цели во СРП 2016-2020 ја утврдува неопходноста од „развивање систем на кариера којшто ќе овозможи следење на кариерата за секој вработен вклучувајќи извештаи за претходното работно искуство, награди, казни, капацитети, поминати обуки и поплаки“. Таквиот систем треба да се примени и во областа на работењето на истраги на место на настан (ИМН). СРП, исто така, ја нагласува потребата за идентификација на поспецифични критериуми при вработување и поспецифични критериуми за унапредување на вработените.

Стратешката цел за создавање предуслови за спроведување на стандардот ИСО 17020 „Оцена на сообразност – Општи критериуми за работа на различни типови тела што вршат инспекција“ има важна улога во мисијата на Полицијата на Република Северна Македонија.

Целта на мисијата што е наведена во СРП 2016-2020, т.е. “Унапредување на полициската служба која ја ужива довербата на сите граѓани во земјата и која ги гарантира, штити и ги почитува основните права и слободи, без дискриминација по било која основа“, го нагласува прашањето на квалитетот, т.е., подобрените услуги за клиентите. За ОКТИВ, СВР и НККР, оваа цел од мисијата е поврзана со соодветно ниво на квалитет на истрагата на местото на настанот и услугите кои ги нудат форензичките лаборатории. Од потесна перспектива оваа цел е во голема мера поврзана со сигурноста на организацијата што обезбедува криминалистичко-технички услуги, а од поопшта перспектива со довербата во севкупниот правосуден систем на Северна Македонија. Соодветно ниво на квалитет на местото на настанот се гарантира со спроведувањето во практика на барањата од стандардот ИСО 17020, т.е., креирање релевантен систем за управување со квалитетот во службите за крим.техника во СВР и НККР.

***Мисија*** - Обезбедување услуги за истраги на местото на настанот, во согласност со најдобрите ЕУ практики, за органите за спроведување на законот и осигурување на веродостојноста на резултатите на испитувањата.

***Визија*** - Обезбедените услуги за истрага на местото на настанот се во согласност со најдобрите ЕУ практики, имаат висок степен на веродостојност и ги исполнуваат барањата за компетентност на персоналот, организациска структура, опрема, просторните и други капацитети за истраги на место на настан, како и развој на системот за управување со квалитет.

## 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: Развој на системи за избор, идентификација на компетенции, обука и сертифицирање на персоналот вклучен во истраги на место на настан

Квалификуваниот и мотивиран персонал е од суштинско значење за развојот на модерна и ефективна криминалистичко-техничка служба.

Следниве општи цели треба да се постигнат од воспоставениот систем за избор, обука и сертифицирање на човечки ресурси:

- компетентни криминалистичко-технички работници што поседуваат знаења и вештини да ги заштитат местото на настанот и трагите од контаминација;
- компетентни криминалистичко-технички работници што знаат како да ја користат заштитната опрема за водење истраги, т.е., знаат како да ја осигурат заштитата на своето здравје и безбедност при водењето на истрагите;
- компетентни криминалистичко-технички работници што знаат како да направат соодветни фотографии и скици на местото на настанот;
- компетентни криминалистичко-технички работници што знаат како да вршат криминалистичко-техничка обработка на лица и возила;
- компетентни криминалистичко-технички работници што знаат кој дејства треба да ги преземат пред и по аутопсија на починато лице;
- компетентни криминалистичко-технички работници што знаат како да ги толкуваат материјалните траги и предметите што се најдени на местото на настанот;
- компетентни криминалистичко-технички работници што, во координација и консултации со инспекторот за прелиминарна анализа, вршат селекција на материјалите што се најдени на местото на настанот;
- компетентни криминалистичко-технички работници што знаат како правилно да ги пакуваат трагите и предметите на местото на настанот;
- компетентни криминалистичко-технички работници што знаат како да комуницираат и да се координираат со останатите оперативни работници што се вклучени во процесот за решавање на кривичното дело;
- компетентни криминалистичко-технички работници што обезбедуваат научна и техничка поддршка на експертите во текот на нивната истрага на местото на настанот.

Сите потребни вештини за вработените во крим.техника на терен вообичаено се стекнуваат преку комбинација од формално образование, обука и оперативно искуство (искуство на работа). Посебно се препорачува универзитетско образование со цел да се осигура дека персоналот поседува солидна научна основа во однос на идните технолошки постигнувања и постојаното подобрување.

Обуката е осмислена на таков начин што се надоврзува на научното образование и обезбедува специфични знаења и способности што се директно поврзани со работната средина. На работницте од крим.техника на терен им се потребни и високо ниво на образование и релевантна обука што треба да се одржува редовно во однос на трајното надградување на квалификациите и системот за сертифицирање и ресертифицирање.

## 1.1. Конкретна цел: Развој на системот за избор и мотивирање на персоналот од подрачните служби за крим.техника

*Тековна состојба*

Сите потребни вештини за работниците од крим.техника на терен вообичаено се стекнуваат преку комбинација од формално образование, обука и оперативно искуство (искуство на работа). Овие работници имаат стручно образование во област на криминалистичко-техничко испитување и вештачење (полициско образование со дополнителни стручни обуки за ИМН). Посебно се препорачува универзитетско образованието на работниците за да се осигури дека истите поседуваат солидна научна основа во однос на идните технолошки постигнувања и постојаното подобрување.

Дополнително, на системот за избор на персонал во крим.техника на терен му недостига еднообразен пристап (правила, принципи, барања, итн.). Крим-техничарите и инспекторите за ИМН имаат различно образование и искуство во криминалистичко-техничката работа и нивното искуство во полициската работа се разликува, исто така. Вообичаено единствено службеник за спроведување на законот со овластувања и сертификат за полициски службеник и најмалку две години работно искуство во полицијата може да работи како инспектор за ИМН.

Задачата на управувањето со човечки ресурси во оваа смисла е да го планира неопходното вработување на персонал за вршење ИМН, земајќи ги предвид сите релевантни услови и можните ризици, вклучително, на пример, ризикот од пензионирање и возраста на работниците, како за крим-техничари, така и за инспектори за ИМН. Постојат индикатори што покажуваат прилично висок процент на обрт на работниците во крим.техника на терен. Обуката на новите криминалистичко-технички работници треба да трае до 12 месеци и, според тоа, честите промени на персоналот не е допуштен процес.

Постои значителна несразмерност во врска со распределбата на обемот на работа помеѓу поедини служби за крим.техника на терен. Системот за избор на персонал во крим.техника на терен треба, меѓу другото, да вклучува оценување на статистичките податоци за работното оптоварување и управувањето со човечките ресурси за да се обезбедат слични услови за крим.техничките работници за ИМН во целата земја.

Потребата за следење на изборот на персонал за крим.техника на терен, системот за идентификација на компетенции и за контрола на вештините и компетенциите на работниците, како и контрола врз активностите на службите на терен, бара јакнење и на капацитетот на ОКТИВ во смисла на почетни обуки и обуки за континуиран професионален развој и методолошката поддршка. Доколку дојде до централизација на системот за обука, контролата врз активностите на службите на терен, логистичката и методолошката поддршка се планира да се врши од страна на посебна организациска единица во ОКТИВ заради што ќе бидат потребни дополнителни човечки ресурси. Компетенциите и одговорностите на оваа организациска единица треба да бидат утврдени со интерните правни акти.

*Очекувани резултати:*
- Развиен и спроведен унифициран систем (правила, принципи, барања, итн.) за избор на персонал во подрачните служби на крим.техника;
- Воспоставен систем за планирање на потребните вработувања за подрачните служби, меѓу другото, земајќи ги предвид ризикот од пензионирање и возраста на работниците, како и рамномерната распределба на работните оптоварувања;
- Спроведени алатки за мотивирање на персоналот за зајакнување на процесот на избор и намалување на обртот на работници во подрачните служби на крим.техника;
- Зајакнат капацитет на ОКТИВ за управување со изборот на персоналот во подрачните служби на крим.техника, за системот за идентификација и следење на компетенциите, како и за контрола врз активностите на подрачните служби на крим.техника.

*Предвидени мерки за исполнување на конкретната цел:*
- Да се разработат и развијат алатки за мотивација на работниците во подрачните служби на крим.техника, за да се привлечат можни кандидати и да се ограничи обртот на персонал;
- Да се испита потребата за измени на интерните правни акти за да се воспостави систем за избор и мотивација на персоналот во подрачните служби на крим.техника;
- Да се прегледа постоечката документација што ги содржи описите за работниците од подрачните служби на крим.техника и, по потреба, да се изменат овие документи за да се стандардизираат описите на крим.техничките работници (крим-техничари и инспектори за ИМН);
- Да се изготви план за избор на персонал во подрачните служби на крим.техника, земајќи ги предвид ризиците од пензионирање;
- Да се следи редовно нивото на задоволство на персонало во подрачните служби на крим.техника, за да се поддржат неговите потреби и да се предвидат можните проблеми.
- Да се распределат соодветни ресурси на ОКТИВ за управување со изборот на персонал во подрачните служби на крим.техника, за системот за идентификација и следење на компетенциите, како и за контрола врз активностите на подрачните служби на крим.техника, почетни обуки и обуки за континуиран професионален развој и методолошка поддршка.

## 1.2 Конкретна цел: Развој на систем за идентификација на компетенции за работниците од подрачните служби за крим.техника

*Тековна состојба*

Развојот на систем за идентификација на компетенции е од суштинско значење за обезбедувањето крим.техничка служба за ИМН на високо ниво. Таквиот систем треба да обезбеди основа за професионална и непристрасна служба за ИМН, на тој начин поддржувајќи ефикасна истрага и гонење на сторителот.

Во тековната фаза пристапот кон идентификацијата на компетенциите за ИМН се разликуваат во поедини крим.технички служби на терен. Не постои еднообразна постапка за оценување, развој и одржување на компетенциите на персоналот во единиците за ИМН во целата земја.

Почетната основа за постигнување на оваа конкретна цел треба да биде проценка на тековните општи и специфични компетенции и развој на описи на компетенциите за крим-техничарите, инспекторите за ИМН и инспекторите за ИМН на напредно ниво.

Од работниците во крим.техника на терен треба да се бара да покажат дека ги одржуваат своите компетенции. Треба да постои систем за тековна процена преку оценување на недамнешните работни резултати и реалното знаење и вештини.

Работникот треба да биде признаен како компетентен само ако е оценет (или преоценет) за исполнување на дефинираните стандарди на успешност и само тогаш може да биде овластено да врши работа на предмети. Ако е потребен натамошен развој, тој треба да се документира и оцени. Воведувањето нов систем може да доведе до ризик од напуштање на персоналот заради што, треба да биде дополнето од фактори за мотивирање на човечките ресурси. Покрај воведување на системот за идентификација на компетенции, тој треба уредно да се објасни и да се застапува од раководството.

Одобрените листи со компетенции треба редовно да се преоценуваат и по потреба да се изменуваат соодветно.

*Очекувани резултати:*

- Одобрени листи со потребните унифицирани компетенции за крим-техничари, инспектори за ИМН и инспектори за ИМН на напредно ниво;
- Развиен и спроведен систем за следење компетенции.

*Предвидени мерки за исполнување на конкретната цел:*

- Да се дефинираат и усвојат потребните компетенции за крим-техничари, инспектори за ИМН и инспектори за ИМН на напредно ниво;
- Да се дефинираат и усвојат постапката и редовноста на следењето на компетенциите;
- Да се испита потребата за измени на надворешните и внатрешните правни акти за воведување систем за идентификација и следење компетенции.

## 1.3. Конкретна цел: Развој на систем за подготовка на криминалистичко-техничките работници, обука за обновување на знаењето и систем за напредна обука за истрага на место на настан

*Тековна состојба*

„Полицијата мора да се развива динамично и интензивно и да се надградува во сите сегменти на работењето, при што ова важи особено за делот на специфичните оперативни ангажмани, како што се ИМН, со оглед на тоа дека ова е основната, односно, првичната фаза чијшто квалитет директно влијае врз резултатите на севкупниот истражен процес“ - изјави Министерот за внатрешни работи на почетната конференција на проектот „Натамошен развој на капацитетите за истраги на место на настан“. Оваа политичка рамка важи, меѓу другото, за основата за развојот на системот за ИМН, односно за обуката на персоналот вклучен во ИМН. Воспоставувањето сеопфатен и структуриран систем за обука за новите крим.технички работници, како и систем за обуки за обновување на знаењата и напредни обуки може единствено да го обезбеди развојот на ИМН како една од основите на полициската истрага.

Наставната програма за континуиран професионален развој и образование на крим. техничките работници во МВР за собирање и постапување со материјални траги од местото на настанот (во натамошниот текст Наставната програма) беше издадена во 2016 година.

Оваа програма се фокусира пред сè на Основна обука за ИМН за инспектори и крим-техничари и ги опфаќа сите основни цели на обуката, основните активности, средината, задачите, методите, опремата, потрошните материјали и процената за ИМН меѓутоа, не предвидува каква било обука за обновување на знаењата и напредна обука.

Програмата за извршување на наставната програма содржи широка низа од различни теми поврзани со криминалистичко-технички испитувања и вештачења, при што некои од нив веројатно се вишок и би можеле да бидат дел од напредна програма (на пр., испитување експлозии, палежи/пожари, итн.).

Програмата за обука (одобрена од Министерот за внатрешни работи во 2016 година) уште не е спроведена во практика. Поради тоа, постои недостиг на директна корелација меѓу сите опфатени теми од програмата за обука за ИМН и план од менторите од ОКТИВ, особено во области како што е подготовката на обработката на место на настан, лична безбедност, должности на лицата што први пристигнале на местото на настанот, редоследот на ИМН (основна теорија за ИМН), фиксирање на местото на настанот (фотографии, видео снимки, скицирање), документација, избегнување контаминација или вкрстена контаминација, пакување, итн.

Вообичаено, единствено службеник за спроведување на законот со овластувања и сертификат за полициски службеник и најмалку две години работно искуство во полицијата може да работи како инспектор за ИМН. Не се обезбедува никаква дополнителна обука и образование, додека, пак, првичното образование започнува со менторство. Само дел од работниците за ИМН добиле специфични обуки. Професионалните вештини на инспекторите за ИМН се одржуваат и развиваат преку обука на работното место, работилници за конкретни случаи и курсеви за специфична обука. Крим-техничарите имаат стручно образование во област на криминалистичко-техничко испитување и вештачење (полициско образование со дополнителни посебни обуки).

Нема утврдени барања за образованието на крим.техничките работници за ИМН. Покрај тоа, нема постапки за оценување, развој и одржување на вештините и компетенциите на персоналот вклучен во ИМН. За решавање на овие проблематични прашања треба да се креира систем за подготовка и одржување на професионалните компетенции на крим-техничарите и инспекторите за ИМН. Ревидирана и надградена Наставна програма и програма за обука за крим.техничките работници треба да бидат составен дел од горенаведениот систем. Постои очигледна потреба од поспецифична обука и дополнителна напредна професионална обука. Ефикасноста на персоналот, на пример, во примената на криминалистичко-технички методи и алатки за барање, собирање и обезбедување траги од пожари и палежи, микро траги, стакло, траги поврзани со отпечатоци од алатки, огнено оружје, испитување по експлозија би можела да се подобри. Работниците од подрачните служби на крим.техника немаат секогаш соодветен увид во реалните капацитети на ОКТИВ за испитување и експер1атна и соодветна за обучување нови вработени. Менторите се одговорни за обучување на новите вработени но без дополнителен финансиски надомест.

Постои можност за централизирање на обуката за ИМН (основна и континуирана) во Полициската академија. Обучувачите и инструкторите, особено за курсевите за обновување на знаењата или напредната обука, би можеле да бидат претставници од ОКТИВ и од подрачните служби.

Тековно постои недостиг на човечки ресурси распределени за контрола на активностите на крим.техника на терен, основна и континуирана обука и методолошка поддршка во областа на ИМН. Постои можност за организирање на наведената контрола, обуките и методолошката поддршка преку "ад хок" работници од други организациски единици, но тоа долгорочно нема да биде доволно ефективно. За горенаведените задачи би можела да се искористи посебна организациска единица во ОКТИВ. Поради недостигот на персонал, ОКТИВ не е во состојба да осигури ефективна контрола врз активностите на крим.техника на терен, да организира и спроведува обуки и да обезбеди унифицирана методолошка поддршка.

Иако тековно се спроведуваат определени активности за обука за обновување на знаењата и напредна обука, сè уште постои потреба за воспоставување систем за редовна систематска обука и оценување за да се обезбеди унифициран пристап и ниво на професионални стандарди во сите подрачни организациски единици на крим.техника, како и за експертите од ОКТИВ.

*Очекувани резултати*

- Одобрен и воведен систем за избор на кандидати за основна и континуирана обука;
- Изготвени и одобрени програми за обука за обновување на знаењата и напредна обука и Наставна програма за крим.техничките работници за ИМН (инспектори/техничари);
- Воспоставен систем за основна обука, обука за обновување знаења и напредна обука, вклучувајќи материјали за обука, разгледани можности за е-учење;
- Развиен систем за обука на работно место и менторство, вклучувајќи проверка на стекнатото знаење и вештини;
- Воспоставен систем за осигурување на квалитетот, професионален развој и мотивација на обучувачите и менторите;
- Изготвен концепт за простории, опрема и потрошни материјали за криминалистичко-технички испитувања и вештачења.

*Предвидени мерки за исполнување на конкретната цел:*

- Да се развие систем за избор на кандидати за основни обуки, обуки за обновување на знаењата и напредни обуки земајќи ги предвид потребите на крим.техничките единици за ИМН и очекуваниот обрт на вработените;
- Да се изготват и одобрат програми за обука за обновување на знаењата, напредна обука и Наставна програма за крим.техничките работници за ИМН (инспектори/техничари);
- Да се воспостави систем за основна обука, обука за обновување знаења и напредна обука, земајќи ги предвид најновите трендови во областа на ИМН и реалните потреби за спроведување на законите;
- Да се развие систем за обука на работно место и менторство, вклучувајќи проверка на стекнатото знаење и вештини за да се обезбеди унифициран стандард за квалитет за крим.техничките работници за ИМН;
- Да се дефинираат активностите, временската рамка и потребните ресурси за осигурување на квалитетот, професионалниот развој и мотивацијата на обучувачите и менторите;
- Да се дефинираат потребите за простории, опрема и потрошни материјали за обука за криминалистичко-техничко испитување и вештачење;
- Да се испита потребата за измени на надворешните и внатрешните правни акти за воведување систем за основна обука, обука за обновување знаења и напредна обука за крим.техичките работници.

## 1.4. Конкретна цел: Развој на систем за квалификации и сертифицирање на работниците од подрачните служби за крим.техника

*Тековна состојба*

Единствено постојаното подобрување на квалификациите на персоналот, како и редовниот процес на сертифицирање и ресертифицирање може да го обезбедат највисокото професионално ниво на работење, на тој начин обезбедувајќи цврсти докази за обвинителството и судовите.

Тековно не постојат утврдени барања за образованието на работниците за ИМН, како и унифициран систем за одржување и подобрување на нивните квалификации. Покрај тоа, нема постапки за оценување, развој и одржување на вештините и компетенциите на тие работници, а нема ни утврдени критериуми за нивни квалификации и сертифицирање. За решавање на овие проблематични прашања треба да се креира модел за подготовка и одржување на професионалните компетенции на крим-техничарите и инспекторите за ИМН.

Соодветно, по минувањето низ сите фази на програмата за обука и успешното полагање на тестот, работниците треба да добијат соодветен сертификат и овластување за ИМН. Во согласност со новиот модел за одржување и подобрување на компетенциите на крим-техничарите и инспекторите за ИМН, од работниците ќе се бара да покажат дека ги одржуваат своите компетенции. Треба да се воведе систем за тековно оценување. По определен временски период, потребно е да се помине постапката за ресертифицирање и продолжување на важноста на сертификатот за ИМН.

Мора да се чува евиденција за оценувањето на компетенциите што вклучува доволно детални податоци за да му овозможи на друг оценувач да ги најде соодветните докази и да се согласи (или да не се согласи) со нив. Лицето треба да биде признаено како компетентно само ако е оценето или преоценето за исполнувањето на дефинираните стандарди на успешноста и само тогаш може да биде овластено да врши работа на предмети. Ако е потребен натамошен надзор, тој треба да се документира и оцени.

*Очекувани резултати:*

- Дефинирани критериуми за квалификации и сертифицирање на крим.техничките работници;
- Изготвена и воведена програма за обука за одржување и подобрување на компетенциите за крим-техничарите и инспекторите за ИМН;
- Изготвена и воведена процедура за квалификации и сертифицирање;
- Усвоен и воведен Модел за одржување/одржливост на компетенциите за крим.техничките работници.

*Предвидени мерки за исполнување на конкретната цел:*

- Да се дефинираат критериуми за квалификации и сертифицирање на крим-техничарите и инспекторите за ИМН;
- Да се изготви програма за обука за одржување и подобрување на компетенциите за крим-техничарите и инспекторите за ИМН;
- Да се изготви и усвои процедура за квалификации и сертифицирање;
- Да се создаде унифициран модел за одржување/одржливост на компетенциите на работниците врз основа на усвоена програма за обука, критериуми и процедура;
- Да се испита потребата за измени на интерните правни акти во однос на квалификацијата и сертифицирањето на крим.техничките работници.

## 2. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: Зајакнување на капацитетите за истрага на место на настан преку развој на соодветен организациски систем

Организацискиот систем и одговорностите, задолженијата и овластувањата што им се доделуваат на определени организациски единици, како и нивните меѓусебни односи и подреденост имаат значајно влијание врз работењето на единцте, вклучувајќи ги активностите за ИМН. Организациската структура и функции што им се доделени на единиците влијаат врз организациските активности и ја обезбедуваат основата на стандардните оперативни процедури и рутини.

Спроведениот организациски систем за активноста за ИМН треба да биде ориентиран кон следниве цели:

- Оптимизирање и ефикасност на оперативното работење на крим.техничките служби за ИМН;
- Осигурување на квалитетот на работењето;
- Ефикасност во управувањето и искористувањето на човечките и техничките ресурси;
- Јасно утврдени односи меѓу организациските единиците и хиерархиска поставеност;
- Подобра комуникација и соработка во рамките на крим.техничките служби за ИМН со останатите организациски единици и институции вклучени во оваа активност;
- Јасно разграничување и делегирање на улогите, одговорностите и односите меѓу вработените;
- Оперативна флексибилност и систематски пристап кон можностите за прераспределба на ресурсите во согласност со динамичното окружување;
- Создавање организациски предуслови за спроведување и поддршка на стандардите ИСО 17020 и ИСО 17025.

### 2.1. Конкретна цел: Развој на организациска структура на службата за крим. техника (ОКТИВ и терен) што соодветствува на оперативните потреби и зајакнување на капацитетите на службата преку разјаснување на функциите во согласност со целните потреби

*Тековна состојба*

Службата за крим.техника на регионално и локално ниво е претставена од Отсеци за крим.технички увиди и прелиминарни анализи (ОКТУПА) во рамки на Секторите за внатрешни работи (СВР) во осумте поголеми градови во државата, и од 22 Надворешни канцеларии за криминалистички работи (НККР).

Во согласност со тековната организациска структура, сите инспектори од локално и регионално ниво се подредени на Раководителот на СВР во соодветната област. Сепак, работните активности што се вршат од деташираните инспектори за ИМН што се распоредени во НККР, како и завршните службени акти, вообичаено се контролираат и одобруваат од раководителот на НККР.

Службите за крим.техника на регионално и локално ниво, во согласност со организациската структура на МВР, се одговорни за собирање и зачувување на физичките докази од местото на настанот, што вклучува: фото и/или видео документирање на фактичката состојба на местото на настанот, детектирање и означување физички и латентни траги и предмети, правилно наоѓање, собирање, пакување, обезбедување и транспорт на доказите за анализа и вештачење.

Службите за крим.техника на регионално и локално ниво не се опремени со сопствени лаборатории за криминалистичко-техничка анализа што може да продуцира докази што се доволно релевантни за кривичната постапка пред суд. Некои од регионалните служби вршат прелиминарни анализи за совпаѓања на траги од папиларни линии, механички траги на системи за заклучување, траги од обувки како и присуство на метаболити на droги во урина.

Голем дел од службите за крим.техника вршат дополнителни функции што не се специфични за функциите на крим.техника (на пр., учествуваат во истраги за сообраќајни несреќи без жртви; вршат видео и фото документирање за време на демонстрации, протестни настани, штрајкови и масовни собири).

Анализата на податоците покажува дека бројот на работници во подрачните служби за крим.техника не соодветствува на бројот на регистрирани кривични дела во териториите што ги покриваат, што предизвикува значајни разлики во однос на распределбата на работното оптоварување и неефективното искористување на човечките ресурси.

Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења (ОКТИВ) има надлежност на целата територија на Северна Македонија и е одговорен за криминалистичко-техничка анализа и вештачење на доказите во кривичните постапки, односно за спроведување анализи и вештачења од различни форензички области, како што се: балистика, криминалистичка идентификација (ДНК и траги од папиларни линии), спорни документи, итн. Персоналот од ОКТИВ е вклучен во вршењето ИМН како научна поддршка од прво ниво на регионалните и локалните служби на крим.техника. ОКТИВ, исто така, е одговорен за спроведување стручни обуки за работниците од подрачните служби на крим.техника, како и за обезбедување потрошни материјали за вршење ИМН.

Постоечкиот организациски систем на подрачните служби за крим.техника, нивната подреденост и наменска одговорност предизвикуваат значајни ограничувања на надлежноста на ОКТИВ во делот на контрола, координација и поддршка на активностите на подрачните служби за крим.техника и давањето препораки за подобрување на резултатите од работењето, како и ограничено влијание врз формирањето унифицирана практика во работењето, процесот за распоредување, итн. Всушност, постои недостиг на човечки ресурси распределени за контрола врз активностите на персоналот, за основна и континуирана обука и недостиг на методолошка поддршка во областа на ИМН.

За да се осигураат високите стандарди за собирање и транспорт на доказите од местото на настан и да се создадат предуслови за акредитација согласно стандардот ИСО 17020, треба да се размисли за воведување нова организациска структура која ќе ги елиминира или намали разликите во работното оптоварување и ќе овозможи поефикасно искористување на човечките ресурси.

Покрај тоа, организациската структура треба да овозможи поедноставен и јасен начин на соработка меѓу подрачните служби за крим.техника, како и нивна соработка со ОКТИВ и други институции (на пр., јавните обвинителства).

За да се создаде основа за воспоставување нов систем за управување со активностите за ИМН, би можело да се размисли за преминување кон централизирана структура (директно управување со подрачните служби за крим.техника), иако би можела да се предвиди и модифицирана и надградена децентрализирана структура (индиректно управување со подрачните служби за крим.техника).

Со менување на структурата на управување со подрачните служби за крим.техника треба да се изврши редистрибуција на функциите на организациските единици во ОКТИВ и подрачните служби. Дополнително, за да се создаде поефективен систем на управување и вршење на увид на местото на настан, треба да се делегираат нови функции на овие организациски единици.

Највисокото влијание врз ефикасноста и квалитетот на работењето доаѓа од нивото на стандардизација и унифицирање на процедурите што се спроведуваат во организацијата. Без разлика на организациската поставеност на подрачните служби за крим.техника, секоја од нив мора да ги врши истите основни активности на истиот стандардизиран начин. Начинот на вршење на работата во сите регионални и локални служби треба да биде унифициран со изготвување соодветни СОП-ови што ќе гарантираат дека сите инспектори за ИМН работат во согласност со истите стандардизирани процедури, на ист начин и по исти протоколи.

На секоја подрачна служба за крим.техника (во територијата под нејзината надлежност) треба да и се делегираат најмалку функции што опфаќаат вршење ИМН за откривање и/или обезбедување траги од извршеното кривично дело и предмети што може да послужат како докази и помагаат да се истражи кривичното дело; фото и/или видео документација од местото на настанот; земање определени референтни материјали од овие лица; помагање на истражните институции во претходната постапка во процесот на развивање верзии за можно сторено кривично дело во изборот на материјали за споредбено испитување; вршење основни испитувања на предмети и траги земени од местото на настанот и нивна проверка во постоечките бази на податоци, вршење лабораториски испитувања на траги од папиларни линии, траги од алатки, отпечатоци од стапала, правилно складирање на предмети што се собрани на местото на настанот, управување со бази на податоци од траги и предмети.

Капацитетот на ОКТИВ треба да се зајакне преку формирање дополнителни организациски единици со определени специфични функции или преку делегирање на овие дополнителни функции на постоечките единици во ОКТИВ преку распределување дополнителни човечки ресурси како дополнителна поддршка.

Една од единиците во ОКТИВ треба да биде назначена за развој, контрола и поддршка за ИМН и да биде овластена за вршење функции за планирање, координација и контрола на активностите на ОКТИВ и подрачните служби; анализа на нивните резултати; изготвување предлози за подобрување на овие активности; анализа и координација на обезбедувањето опрема и потрошни материјали за целата крим.техничка служба и изготвување и координирање на јавните набавки во оваа област.

За зајакнување на унифицирањето на процедурите и споделување на најдобрите практики во ОКТИВ и подрачните служби за крим.техника, потребно е формирање дополнителна единица во ОКТИВ за организирање обуки; изготвување нови методолошки препораки; споделување најдобри практики; спроведување систем за одржување и подобрување на квалификациите на работниците; оценување, развој и одржување на вештините и компетенциите на работниците.

Во согласност со правилата утврдени во Законот за полиција, МВР (за целите на создавање услови за работа на полицијата) го утврдува изборот на работниците и образовните потреби, принципите за напредување во службата и управувањето со човечките ресурси, донесува развојни, организациски и други насоки за работата. Заради тоа, организациските промени може да се спроведат само со измена на интерните акти, одобрени од министерството.

*Очекувани резултати:*

- Поедноставен и добро развиен организациски систем на активностите за ИМН и криминалистичко-технички испитувања и вештачења;
- Спроведен поефикасен, добро испланиран и координиран систем за управување со активностите за ИМН на целата територија на земјата;
- Подобрена комуникација и соработка во рамките на службите за крим.техника и со останатите единици и институции вклучени во активности за истрага на кривични дела;
- Рамномерно распределено работно оптоварување на работницте во сите подрачни служби за крим.техника;
- Зголемена ефективност во искористувањето на човечките и другите ресурси;
- Создадени предуслови за спроведување и поддршка на ИСО стандардите - 17020 и 17025.
- Создадена основа за координирање и унифицирање на активноста за ИМН и за подобрување на постапката за набавка на опрема и потрошни материјали;
- Појаснети функции на подрачните служби за крим.техника и јасно разграничени функции што се вршат на локално и централно ниво;
- Концентрирани функции за координирање на обуката на работниците од подрачните служби за крим.техника, што му овозможува на ОКТИВ да создаде услови за подобрување на квалитетот и континуитетот на обуките.

*Предвидени мерки за исполнување на конкретната цел:*

- Да се разгледа и предложи спроведување правилен систем за управување со подрачните служби за крим.техника;
- Да се разгледа и предложи бројот на работници во ОКТИВ и подрачните служби за крим.техника и да се креира нов систем за следење и планирање на човечки ресурси за активностите за ИМН;
- Да се извршат измени на интерните правни акти, да се спроведат новите структури на ОКТИВ и СВР, да се утврдат јасните компетенции на организациските единици во ОКТИВ и подрачните служби за крим.техника, исклучувајќи ги функциите што не се типични за крим.техника, да се утврдат унифицирани описи на работните места во подрачните служби за крим.техника, како и функциите на работниците во поврзаните организациски единици во ОКТИВ;
- Да се изготви листа со задачи за собирање, испитување, ракување и обработка на криминалистичко-технички докази што се вршат во единиците на ОКТИВ, СВР и НККР.
- Да се анализираат ефектите, предностите и недостатоците на новата реорганизација и, по потреба, да се предлага нејзино подобрување.

## 3. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: Подобрување и стандардизација на опремата, просторните и други капацитети за истраги на место на настан

Подобрувањата на организацискиот систем и развојот на управувањето со човечките ресурси за ИМН треба да бидат во согласност со достапните финансиски средства и да се одржуваат со адекватни материјални набавки.

Структурните промени на подрачните служби за крим.техника, организациските новини во вршењето на активноста, воведувањето нова методологија, промените во стандардните оперативни процедури и новите задачи и функции, треба да се обезбедат со неопходната опрема за испитувања на местото на настанот, потрошни материјали и соодветни просторни капацитети.

Осигурувањето на одржливиот развој преку стандардизација на опремата и просторните капацитети на подрачните служби, треба да биде ориентирано кон следниве цели:

- Ефикасност во управувањето и искористувањето на материјалните ресурси;
- Осигурување на квалитетот на работењето;
- Осигурување непречени ИМН во согласност со стандардните оперативни процедури;
- Создавање материјалните предуслови за акредитација во согласност со ИСО 17020.

### 3.1. Конкретна цел: Подобрување и стандардизација на опремата за истраги на место на настан

*Тековна состојба*

Начелно, персоналот во подрачните служби за крим.техника има пристап до поголемиот дел од сите потребни и некои од препорачаните материјали и ресурси, опремата за лична безбедност, опремата за деконтаминација на инструментите, неопходните тестови за спроведување квалитативно испитување на местото на настанот и за избегнување контаминација на доказите. Меѓутоа, квантитетот, квалитетот и достапноста на опремата се разликуваат во голема мера од еден до друг регион.

Разликите во опремата за ИМН што тековно се користи, не допуштаат стандардизација на ИМН и осигурување на исти компетенции на работниците за да можат да работат во согласност со стандардните процедури или за создавање предуслови за акредитација.

Со цел да се зголеми достапноста и да се намалат разликите во користената опрема и потрошен материјал за ИМН во подрачните служби за крим.техника, како и да се поедностави снабдувањето со опрема и потрошен материјал, се препорачува да се изработи стандардна листа со опрема за ИМН што наведува на количини и видови опрема и материјали, неопходни за спроведување увид на место на настан и за чување во возилото кога се присуствува на место на настан.

Во согласност со големината на службата за крим.техника и местата на настан што се истражуваат од овие единици, би било разумно и економично да има неколку различни стандарди, на пример:

- Стандард за опрема и потрошен материјал за ИМН за едноставни и чести кривични дела. Стандардот би ги предвидел основните средства за ИМН што би им овозможиле на работниците за ИМН (инспектори и крим.техничари) да го документираат местото на настанот, да ги утврдат и соберат потребните докази како што се ДНК, траги од папиларни линии, отпечатоци од обувки, траги од алатки, микро траги и остатоци од користење огнено оружје и да ги спакуваат сите прибрани докази на едноставен начин. Треба да бидат вклучени и основните мерки за лична заштита. Средствата што се вклучени во овој стандард би биле наменети за помалите служби за крим.техника и може да се спакуваат во две до четири кеси што лесно се пренесуваат во обични автомобили и лесно може да се пренесат на различни локации.
- Стандард за опрема и потрошен материјал за ИМН за сите редовни кривични дела. Стандардот би предвидувал широк спектар средства за ИМН што би им овозможиле на работниците за ИМН (инспектори и крим.техничари) да го зачуваат и документираат местото на настанот, да осигурат соодветно осветлување, развивање, собирање и пакување на докази како што се ДНК, траги од папиларни линии, отпечатоци од обувки, траги од алатки, микро траги и остатоци од користење огнено оружје. Дополнително, стандардот вклучува широк спектар од мерки за лична заштита и безбедносни мерки и дополнителни рачни алатки. Средствата што се вклучени во овој стандард би биле наменети за подрачните служби со средна големина и би биле соодветни за постојано носење на сите редовни места на настан.
- Стандард за опрема и потрошен материјал за ИМН наменет за редовни, сериозни кривични дела и за елементарни непогоди. Стандардот би предвидувал широк спектар средства за ИМН што би им овозможиле на работниците за ИМН (инспектори и крим.техничари) да го зачуваат и документираат местото на настанот, да осигурат нормално осветлување и светла со повеќе бранови должини, развивање, собирање и пакување на докази како што се ДНК, траги од папиларни линии, отпечатоци од обувки, траги од алатки, микро траги и остатоци од користење огнено оружје. Достапни се и прибори за детектирање на балистичка траекторија и анализирање на гасови. Дополнително, стандардот вклучува широк спектар од мерки за лична заштита и безбедносни мерки, дополнителни рачни алатки и прибор со детектор за метал. Средствата што се вклучени во овој стандард би биле наменети за најголемите крим.технички служби и би биле соодветни за постојано носење на сите места на настан.

Снабдувањето со опрема и потрошен материјал за секоја подрачна служба треба да се врши во согласност со соодветниот стандард, земајќи ја предвид тековната состојба со достапна опрема и потрошен материјал.

Подрачните служби за крим.техника имаат свои возила за потребите на ИМН или можност да користат превозни средства на НККР. Бројот и квалитетот на возила во определени служби не соодветствува на нивото на работни оптоварувања и на бројот на работници. Покрај тоа, обичните возила не се приспособени за пренесување опрема за ИМН. Само неколку возила се опремени со полици или друга опрема за безбеден транспорт на опрема и материјали за ИМН. Според тоа, овие возила треба да се заменат со специјални возила за ИМН.

Со цел да се направи јасна систематизација на возилата за ИМН наменети за пренесување на работниците и целата неопходна опрема и потрошен материјал, се препорачува да се изврши класификација на возилата за ИМН и да има два вида возила:

- специјални возила за ИМН наменети за места на настан на сериозни кривични дела со кои може да се пренесува целосна опрема за ИМН и
- редовни возила за ИМН наменети само за места на настанот каде се случиле редовни кривични дела и можат да пренесуваат редовна опрема за истраги на местото на настанот, а евентуално би можеле да пренесуваат и дополнителни прибори за истраги на местото на настанот.

Снабдувањето на опрема за ИМН треба да биде одржливо и реалистично и за таа цел треба да се изготви стратегија за набавка и обновување на стандардната опрема.

*Очекувани резултати:*

- Изработка на стандардна листа на опрема за ИМН (вид на опрема, материјали, тестови и сл.) и со поединечни количини кои треба да бидат достапни на работниците и опрема која треба да се чува во возилата кога се присуствува на место на настан.
- Обезбедување соодветни капацитети за работа во согласност со СОП и делегираните надлежности.
- Создадени материјални предуслови за воспоставување систем за квалитетот согласно ИСО 17020 за водење ИМН.
- Зголемена ефективност во искористувањето на материјалните ресурси.

*Предвидени мерки за исполнување на конкретната цел:*

- Изготвување стандард за снабдување за потребите за ИМН (опрема, потрошни материјали и возила).
- Изготвување долгорочни проекции за набавки и обновување на стандардната опрема.
- Следење на ефектите, предностите и недостатоците на стандардот за снабдување за потребите за ИМН и, по потреба, разгледување и спроведување подобрувања.

### 3.2. Конкретна цел: Подобрување и стандардизација на просторните капацитети на подрачните служби за крим.техника

*Тековна состојба*

Функциите кои се доделени од МВР на подрачните служби за крим.техника треба да се спроведуваат квалитетно, ефикасно и навремено. Во согласност со тоа, треба да се гарантираат потребните и соодветни просторни капацитети. За испитување на доказите, криминалистичко регистрирање, фото и видео документирање, сушење и чување на доказите, потребни се соодветни наменски простории, а не обични канцелариски простории.

Дел од просторните капацитети за ИМН се доволни и во основа ги исполнуваат основните потреби, со исклучок на некои прашања за кои се потребни подобрувања во однос на усогласеноста со „Минимални барања за здравје и безбедност во работните простории“, одобрени од Министерството за труд и социјална политика (Сл.весник на РМ, бр.154 од 12.12.2008 г.).

На дел од подрачните служби за крим.техника им се потребни дополнителни простории: просторија за чување на доказите, просторија за криминалистичко регистрирање, лабораторија за криминалистичко-технички испитувања, фото лабораторија, итн.

Очигледно е дека не постои стандард што би дал конкретни препораки за просториите со оглед на големината и функциите на подрачната служба за крим.техника како и бројот на работници.

Препораките за просториите на подрачните служби на регионално и локално ниво треба јасно да ги дефинираат видовите простории (канцеларија на раководителот, канцеларија за тимовите за ИМН, просторија за криминалистичко регистрирање, лабораторија за криминалистичко-технички испитувања, магацински простор, фото лабораторија, просторија за чување на доказите), нивните димензии и бројот земајќи ги предвид барањата за вршење на горенаведените функции и активности.

Препораките треба да посветат посебно внимание на избегнувањето на контаминација и вкрстената контаминација на материјалните траги и предмети што се чуваат во подрачните служби. Исто така, препораките треба да дефинираат кои простории треба да бидат обезбедени со ограничен и контролиран пристап со оглед на барањата за ракување со предмети и примероци што се дел од истрага како и предмети за тестирање, наведени во стандардот ИСО 17020 (став 7.2.4 и став 7.4).

Дополнително внимание треба да се посвети и на дигитализација на работните места. Истрагата на местото на настанот и крим.техничкото испитување се засноваат врз користење различна модерна опрема и технолошки решенија. Голем дел од модерните уреди се дигитализирани и, според тоа, треба да се осигури соодветно ниво на дигитализација и на работните места. Секое работно место во целокупната служба за крим.техника (ОКТИВ и подрачните служби) треба да биде опремено со комплет што се состои од персонален компјутер со пристап до CEMS, внатрешна мрежа, печатар и скенер.

*Очекувани резултати:*

- Креирани стандардни барања за просторни капацитети на подрачните служби за крим.техника.
- Спроведено поефикасно искористување на материјалните ресурси.
- Подобрени услови за работа.

*Предвидени мерки за исполнување на конкретната цел:*

- Да се изработат стандардни барања за просторните капацитети на подрачните служби за крим.техника што се засноваат врз: организациската структура, делегираните функции и задачи, и бројот на работници.
- Да се изготви акциски план за подобрувања на просторните капацитети на подрачните служби за крим.техника:
  - Активности насочени кон прераспределување на просториите согласно со постоечките можности;
  - Обврска за вклучување стандардни простории во новите градби или во плановите за реконструкција.
- Да се изготват долгорочни проекции за спроведување на стандардните барања за просторните капацитети на подрачните служби за крим.техника;
- Да се следат ефектите, предностите и недостатоците на стандардните барања за просторните капацитети и, по потреба, да се разгледа спроведување на подобрувања.

# 4. СТРАТЕШКА ЦЕЛ: Создавање предуслови за спроведување на стандардот ИСО 17020

Добиената акредитација е највисокото ниво на развој на квалитетот. Стратешката цел за создавање предуслови за имплементација на стандардот ИСО 17020 не ја обврзува институцијата да го постигне ова највисоко ниво. Обврската се однесува на создавањето предуслови за спроведување на наведениот стандард, т.е. правењето на првите чекори кон гарантирањето контрола и осигурување на квалитетот. Меѓутоа, тоа е многу важно и им овозможува на ОКТИВ и на подрачните служби за крим.техника во СВР и НККР да работат во согласност со современите барања за давателите на форензички услуги.

Обезбедувањето акредитација во согласност со стандардот ИСО 17020 е пропишано во Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020: „Следниот чекор ќе биде да се поддржат регионалните одделенија за акредитација согласно ИСО 17020 и да се овозможи анализа на латентни отпечатоци и анализа на механички траги“ (конкретна цел бр.1.1 „Зајакнување на форензичките капацитети на полицијата“ на стратешката цел бр.1 „Зајакнување на капацитетот на полицијата за спречување и борба со криминалот преку користење на современи истражни методи“).

Оваа одредба покажува висока загриженост во однос на обезбедувањето валидни резултати од криминалистичко-техничките испитувања на највисокото раководно ниво во Полицијата на Северна Македонија и ја гарантира поддршката на квалитативните цели на подрачните служби за крим.техника во СВР и НККР. Покрај тоа, оваа одредба е многу прогресивна во контекстот на Европа. Со оглед на фактот што историјата на акредитација во согласност со ИСО 17020 е прилично нова, во Европа сѐ уште има мал број форензички институции акредитирани по овој стандард.

Европската мрежа на форензички институти (ЕНФСИ) и Европската соработка за акредитација (ЕА) заеднички го избраа ИСО 17020 како најсоодветен стандард за ИМН во 2006 година, а акредитацијата на ИМН според тој стандард е достапна од 2011 година.

Поради овој факт, не постојат многу служби за ИМН што се акредитирани согласно ИСО 17020 и како последица на тоа нема многу примери за добри практики во оваа област и можност за споделување на најдобрите практики. Ова прашање е ризик што може да има негативно влијание врз постигнувањето на целта за создавање предуслови за спроведување на ИСО 17020, но истовремено дава можност да се стане лидер во оваа област во балканскиот регион и пошироко.

Стратешките цели во однос на зајакнувањето на капацитетите за ИМН преку развој на организациски систем; развој на системи за избор, идентификација на компетенции, обука и сертифицирање на персоналот за ИМН; подобрување и стандардизација на опремата за ИМН и просторните капацитети на подрачните служби за крим.техника, што претставуваат важен дел од системот за управување со квалитетот, се детално разработени во посебни поглавја на овој документ. Заради тоа, во ова поглавје намерно се испуштени спецификациите за овие елементи и вниманието се фокусира на поопштите аспекти на системот за управување со квалитет. Меѓутоа, треба да се земе предвид дека сите овие испуштени аспекти, исто така, претставуваат елементи на системот за управување со квалитет.

## 4.1. Конкретна цел: Создавање систем за управување со квалитет во подрачните служби за крим.техника согласно барањата од стандардот ИСО 17020

*Тековна состојба*

Важен аспект што придонесува кон постигнувањето на стратешката цел за создавање предуслови за спроведување на ИСО 17020, се планираните одредби во Стратешкиот план на МВР 2018-2020. Овие одредби се однесуваат на објектите и опремата, т.е., реконструкција на 4 регионални единици за ИМН во Тетово, Штип, Битола и Струмица, нова зграда за централната лабораторија, нова опрема и дополнителен персонал, т.е., вработување технички персонал за регионалните служби.

Некои одредби од наведениот СП се фокусираат на унапредувањето на информатичката технологија, односно безбедноста на информатичко-комуникациска технологија (во согласност со стандардите ИСО 27001, 27002 и 27003) и потребата за користење напреден систем за обезбедување следливост на доказите. Во согласност со последната верзија на Извештајот за реализираните мерки и активности, во согласност со СП 2018-2020, мерките и планираните активности имаат статус дека тековно се спроведуваат. Овие мерки и активности се корисни за создавањето предуслови за исполнување на дел од барањата од ИСО 17020 и тоа за ресурсите (точка 6.1 Персонал и точка 6.2 Објекти и опрема) и за процесот (точка 7.2 Ракување со предмети и примероци од истрагата, точка 8.3 Контрола на документи, точка 8.4 Контрола на евиденција).

При исполнување на горенаведеното, сериозно се препорачува да се земат предвид резултатите од активностите на двете компоненти на Твининг проектот „Натамошно јакнење на капацитетите за истраги на место на настан“, бидејќи основната цел на создавањето систем за управување со квалитет во согласност со ИСО 17020 е да се создадат предуслови за компетентна организација и персонал и валидни методи.

Сите горе наведени аспекти, во определена мера, се опфатени со активностите на наведениот Твининг проект, кои вогласно се однесуваат на следново:

- Спроведени процени во однос на бројот на работници, капацитетите и опремата во подрачните служби на крим.техника и поднесени неколку препораки за подобрувања во однос на компетенциите на персоналот за ИМН, стандардизирани капацитети и организациска структура.
- Изработени дванаесет Стандардни оперативни процедури за спроведување истраги на место на настан, а Прирачникот за обезбедување и постапување со материјални траги од местото на настан беше ревидиран и надграден. Овој тип документи се еден од основните составни делови на кој било СУК и би можеле лесно да се вградат во ново креираниот систем.
- Околу 180 крим.технички работници од СВР и НККР кои спроведуваат активности за ИМН беа обучени согласно ново изготвените СОП.

Како заклучок, спроведувањето на трите основни аспекти согласно ИСО 17020 во врска со компетентната организација и персонал и валидните методи, е веќе започнато и ова се првите чекори што се веќе преземени за создавање предуслови за спроведување на ИСО 17020.

Други важни фактори, што би биле корисни за исполнувањето на конкретната цел, и мора да се спомнат, се следните:

- ОКТИВ, како централна форензичка лабораторија, е акредитиран во согласност ИСО 17025 уште од 2016 година и има искуство во спроведување СУК и учество во процесот за акредитација. Од истата година, ОКТИВ, исто така, е член и има искуство во учествување во активностите на ЕНФСИ. Во 2009 година ЕНФСИ беше признаена од Европската комисија како единствената форензичка организација во ЕУ и натамошното учество во оваа организација е од суштинско значење, особено учеството во Работната група за ИМН.
- Двата стандарди, ИСО 17025 и ИСО 17020, вклучуваат слични барања за систем за управување што се засноваат врз ИСО 9001, но барањата од ИСО 17025 се однесуваат на мерења, следливост и аналитичко потврдување, додека ИСО 17020 повеќе се фокусира на непристрасноста, независноста и доверливоста. Вообичаено, ИСО 17020 е соодветен за употреба кога се користи професионално толкување за извлекување заклучоци што се засноваат врз споредби, а ИСО 17025 кога се користат аналитички инструменти за генерирање податоци за утврдување идентитет на некој предмет. Оттаму, барањата од ИСО 17020 не може да се третираат како *terra incognita* (нешто ново и непознато) и би можеле да се спроведат врз основа на искуствата што веќе се достапни.

Покрај горе наведените силни страни, постојат неколку закани и ризици што може да имаат негативно влијание врз постигнувањето на конкретната цел за создавање СУК во согласност со барањата од стандардот ИСО 17020.

Треба особено да се има во предвид дека самиот процес на спроведување СУК во толку голема структура како ОКТИВ, СВР и НККР може да биде сложен. Треба да се земат предвид неколку закани и ризици, кои произлегуваат од структурната поставеност на ОКТИВ и подрачните организациски единици на крим.техника.

Сè уште не е јасно која опција на структурни промени ќе биде одобрена, т.е., централизирана структура (директно управување со подрачните служби на крим.техника) или модифицирана и надградена децентрализирана структура (индиректно управување со со подрачните служби на крим.техника). Продолжениот период на таква неизвесност може да има негативно влијание врз мотивацијата за преземање активности за креирање на СУК, особено оние активности што имаат големо влијание врз организациските аспекти на активноста и ресурсите, што мора да бидат насочени.

Централизираната структура (директно управување) има повеќе предности од долгорочна перспектива и носи предности за спроведувањето на стандардите ИСО 17025 и 17020, како што се:

- Помага во зачувување на човечки ресурси за спроведување и поддршка на стандардите ИСО 17020 и 17025;
- Дава можност за пренос на акредитацијата согласност ИСО 17025 од ОКТИВ на подрачните служби на крим.техника;
- Дава можност за непречено проширување на опсегот на акредитација (на пример, на методите за предизвикување траги од папиларни линии) во подрачните служби на крим.техника.

Многу тешко е да се увидат предностите за креирањето на СУК ако се одобри децентрализирана структура (индиректно управување со подрачните служби). Основните лоши страни и недостатоци што може да се предвидат се следниве:

- Секоја подрачна служба на крим.техника во СВР и НККР треба да развие сопствен СУК и како последица од тоа овие служби ќе мора да се акредитираат поединечно (неефективно искористување на финансиските ресурси);
- Треба да се земе предвид недостигот на компетентни човечки ресурси за спроведување на новото знаење и практики во подрачните служби за крим.техника во СВР и НККР.
- Акредитираните методи во ОКТИВ согласно ИСО 17025 (пример, предизвикување траги од папиларни линии) нема да бидат пренесени на подрачните служба на крим.техника.

Централизираната структура (директно управување со подрачните служби на крим.техника) носи и неколку ризици. На пример, можноста за проблеми во врска со интерната контрола што се предизвикани од физичката оддалеченост на раководството на ОКТИВ и подрачните служби. Сепак, таквите ризици се минорни во споредба со ризиците што ги носи децентрализираната структура.

Надворешната закана е прилично специфична и има незначајно влијание во овој контекст, но сепак треба да се земе предвид. Бидејќи сите стандарди се ревидираат на секои 5 години и неодамна беа обновени сите ИСО стандарди од групата 9000, меѓу нив и ИСО 17025, постои голема веројатност дека ќе биде ревидиран и обновен и стандардот ИСО 17020. Ова може да доведе до потреба од промени во текот на создавањето на СУК.

*Очекувани резултати*

- Подобрено работење при ИМН во однос на доволното управување со ресурсите при прегледувањето и креирањето политики и процедури што се во согласност со стандардот ИСО 17020;
- Процесот на местото на настанот, т.е., примарниот процес, е подобрен во однос на осигурувањето на квалитетот и контролата на квалитетот, и подобро ги задоволува потребите на експертите во ОКТИВ, т.е. секундарниот процес;
- Објективни докази дека ОКТИВ и подрачните служби на крим.техника во СВР и НККР вложуваат напори за осигурување дека обезбедените материјални докази се со највисок степен на интегритет и дека форензичката експертиза е со највисоката можна веродостојност;
- Објективни докази за менување на политиката за квалитет кон проширен делокруг на активности, не само во ОКТИВ, туку и во подрачните служби на крим.техника во СВР и НККР. Осигурано повисоко ниво на квалитет на барателите на форензичките услуги и, оттаму, веродостојноста на организацијата што обезбедува криминалистичко-технички услуги, а од поопшта перспектива со довербата во севкупниот правосуден систем на Северна Македонија;
- Создадени предуслови за примена на првичната акредитација во согласност со ИСО 17020.

*Предвидени мерки за исполнување на конкретната цел:*

- Да се воспостави работна група со членови кои се активно вклучени во процесот за креирање систем за управување со квалитет, вклучувајќи ги назначените координатори и претставници на сите процеси;
- Да се делегира одговорност на оваа работна група за планирање акции за креирање и развој на СУК, предвидување на финансиските ресурси, време за ангажираните работници, логички редослед и содржина на активностите;
- Да се изготви листа со сите задачи за собирање, испитување, ракување и обработка на криминалистичко-технички докази што се предмет на работа во ОКТИВ и подрачните служби на крим.техника во СВР и НККР и да се изготви листа со документи за постоечките политики и процедури;
- Да се спроведе анализа на недостатоците во однос на документацијата и постоечките практики во споредба со актуелната верзија од ИСО 17020 за да се идентификуваат тековните процедури кои недостигаат или не ги исполнуваат барањата од стандардот;
- Да се планираат активности за дизајнирање формална политика и изготвување или модифицирање на прирачниците, процедурите и програмите за обука и осигурување на квалитетот, вклучувајќи ги одговорните лица и временскиот распоред;
- Да се дизајнираат формални политики, прирачници и процедури и да се развијат програми за обука и за осигурување на квалитетот;
- Да се провери дали системот за управување со квалитет ги исполнува општите потреби и дали е применлив во практика и да се потврди дека нема потреба за модификации.

Број:__________________

Датум:____________ година

Скопје

**МИНИСТЕР**
**ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
Оливер Спасовски